РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-4151/7
17-01-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 58-та седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката на ДКСК по предмет број 08-4151/1 од 30.10.2021 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на ______________, поранешен член на Управниот одбор на ЈЗУ Универзитетска клиника за ______________________ - Скопје, СЕ ЗАПИРА.

Се констатира дека по издадениот прекршочен платен налог број 08-4151/4 од 17.12.2021 година е постапено од страна на именуваната, односно е платена половина од утврдената глоба во истиот.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Предметот број 08-4151/1 од 30.10. 2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот заведен под број 08-4151/1 од 30.10. 2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од увидот во Службен весник на РСМ број 191/21 и од увидот во својата евиденција утврди дека на лицето __________________ на ден 30.07.2021 година му престанала функцијата член на Управниот одбор на ЈЗУ Универзитетска клиника за ______________________ – Скопје и дека во законски утврдениот рок од 30 дена од денот на престанокот на функцијата не поднело анкетен лист до ДКСК.

Поради гореналеденото, ДКСК на именуваното лице му издаде прекршочен платен налог бр.08-4151/4 од 17.12.2021 година, за сторен прекршок од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Од страна на именуваната, во законски утврдениот рок е постапено по прекршочниот платен налог, односно е платена половина од утврдената глоба во истиот.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Ч.
Одобрил: Г.Т.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk